# ДОБРА РАБОТА MK

www.dobrarabota.mk | Година 1 | Број 4 | Октомври 2010

Во соработка со Global HR www.globalhr.mk


## Мотивационо писмо

Секогаш кога аплицирате за одредена работа, покрај тоа што ќе го пратите Вашето ЦВ, испратете мотивационо писмо заедно со него. 2 стр.

## Интервју за работа на англиски јазик

Работодавците сакаат да го проверат користењето на јазикот во секојдневниот говор. 3 стр.

## E-learning

На глобално ниво за намалување на трошоци се применува сè повеќе електронското учење. Тоа има многу предности. 3 стр.

## Професија од соништата

Многу вработени имаат направено погрешен избор на професијата и еден ден во животот се соочуваат со овој факт. 4 стр.

## Зошто Ви е потребно практикантско искуство?

Вашиот влез во модерниот бизнис свет ќе наиде на голем број на пречки, доколку немате работно искуство. 4 стр.

ПРИЛОГ НА ШПИЦ ЗА ПОЛЕСНО ВРАБОТУВАЊЕ



# СРЕЌА

Во денешно време многу се актуелни прашањата: Дали сум среќен? Како се станува среќен? Што е всушност среќа?Прашањето за среќа и како да бидеме среќни го обработуваат луѓето и научниците веќе стотици години наназад. Сите се обидуваат да дефинираат што е всушност среќа и како се станува среќен. Многу одговори, како на пример оние од грчките филозофи, важат до денес. Други пак, кои долго време важеле, денес се негирани. Докажано е дека парите не го прават човекот среќен. Исто така докажано е дека чувството на среќа е индивидуално и зависи од расположението. Научниците и другата литература која постои се согласуваат дека **среќата започнува во главата.** Ова како наука го докажува и позитивната психологија. Врз основа на оваа теза се развива и програма за тренирање на среќата.

**Што треба да знаеме за среќата за да може да ја почувствуваме, кои се принципите на однесување при чувството на среќа и кои се карактеристиките на ова чувство?** Одговорите на сите прашања поврзани со среќата кои ги дава науката и нормално индустријата која нуди совети и помош се безбројни. Сепак за две работи сите се согласуваат. Прво дека **среќата се учи,** а втората работа дека **среќата ја зголемува продуктивноста** и со тоа животното чувство станува важен фактор за конкурентност.

## ПРОАКТИВНОСТ

### Дали знаете всушност што е проактивност?

Да бидете проактивни значи да преземете одговорност за вашиот живот и работа. Вашето однесување е функцијата на вашите одлуки, а не е ситуација. Ова е многу важно да го знаете.Проактивните луѓе ги контролираат своите чувства и тие се движат од своите вредности. Тоа значи ако сте проактивни вие преземате иницијатива, ги знаете вашите одговорности и работите на нив, без да чекате да ве потсетуваат за тоа што треба да правите.

### Како да бидете проактивни?

**ДИРЕКТНА КОНТРОЛА**

Ова значи да работите на вашите навики, да бидете иницијативни, да бидете одговорни и чувствувате сопственост. Директната контрола значи да бидете поголеми ентузијасти. Во однос на комуникацијата да бидете директни и поотворени.

**ИНДИРЕКТНА КОНТРОЛА**

Работете на методи за да бидете влијателни. Тоа значи да давате критики, да започнете да давате признанија и пофалби.

Бидејќи не може да ги смените другите, започнете со себе, а другите едноставно прифатете ги. Вие ги одбирате акциите на делување и ја преземате одговорноста. Ако згрешите, ги прифаќате поразите и учите од грешките.

**Кога во CV ќе напишете дека сте проактивни, тоа значи дека сте одговорни, дека преземате иницијатива, а не чекате некој да ве поттурне! Започнете да размислувате проактивно и веднаш ќе ги забележите позитивните промени.**




Бидете информирани и образовани – читајте Global HR™ www.globalhr.mk



Global HR www.globalhr.mk

ЦС Глобал HR ACADEMY©

УПИСИ ЗА HR АКАДЕМИЈА© 2010/2011

Бидете дел од есенската генерација на стручната Академија за управување и развој на човекови ресурси. Бројот на часови изнесува 300 како комбинација од настава и работа со присуство и самостојно учење и работа од дома.

HR менаџер, HR директор, HR специјалист, HR асистент, Одговорен за селекција и регрутација на кадар, Одговорен за обука и развој, Одговорен за плати и бенефиции ... се само дел од позициите кои може да ги работите по завршување на HR Академијата©
*Постои можност за посета на поедините модули.

Содржините се прилагодени на учесниците. Тие се практични, со индивидуални и тимски задачи, како и дискусии за конкретни практики и споредби на различни искуства од бизнис опкружувањето.
HR практики со интензивен, практичен и интерактивен пристап, единствен во Македонија. Ви ја отвораме вратата за успешна професионална кариера.

РАБОТЕТЕ ВО ДУБАИ, КАТАР, ГРЦИЈА, ЛИБИЈА

- Менаџер на ресторан
- Асистент Менаџер на ресторан
- Келнери
- Хостеси/Рецепционерки и многу други работни позиции

ИНФОРМАЦИИ 02 32 90 540
02 32 90 544
www.csglobal.com.mk

## ПРАВНИ ПРАШАЊА

### Под кои услови се извршува пробната работа?



При склучување на договорот за вработување работникот и работодавачот можат да се договорат за пробна работа. Во договорот за вработување, покрај сите права и обврски од работен однос се утврдува висината на платата и времетраењето на пробната работа, кое неможе да биде подолго од шест месеци. Пробната работа може да се продолжи во случај на оправдано отсуство од работа, како на пример болест. Во времетраењето на пробната работа, работникот може да го откаже договорот за вработување со отказен рок од три работни дена. Врз основа на оцената за неуспешно завршената пробна работа, работодавачот може по изминувањето на пробната работа да го откаже договорот за вработување.

### Кој може да учествува во програмите за образование на возрасни?



Според законот за образование на возрасни, учесник во програмите за образование на возрасните може да биде лице кое што има навршено 15 години и што ги исполнува другите услови пропишани според програмата. Статус на учесник се здобива со склучување договор за вклучување во програмата за образование на возрасни. Статусот на учесник престанува со завршувањето на програмата, отпишување од програмата или на друг начин предвиден со договорот за вклучување во програмата за образование на возрасни.

### Како со закон се спречува дискриминацијата?



Според член 6 од ЗРО, работодавачот не смее кандидатот за вработување или пак работникот да го третира нееднакво заради расата, бојата на кожата, полот, возраста, здравствената состојба, односно инвалидност, религиозното, политичкото или друго убедување, членување во синдикатите, националното или социјалното потекло, статус на семејството, имотната состојба, половата состојба или други лични околности. На жените и мажите мора-ат да им се обезбедат исти можности и еднаков третман при вработувањето, оспособувањето, образованието, напредувањето во работата, преквалификацијата, платите, наградувањето, отсуството од работа, условите за работа, работното време и откажувањето на договорот за вработување.

### Како се потпомага вработувањето на лицата со инвалидитет во Р.М?



Следниве мерки ги подобруваат условите за вработување и работење на лица со инвалидитет: се доделуваат неповратни средства за вработување на невработено лице со инвалидитет, приспособување на работното место на кое ќе работи, доколку е потребна и набавка на опрема според критериумите на начин утврден со актот на министерот за труд и социјална политика. Понатаму, се ослободува од обврската за даноци и се обезбедуваат средства за придонеси како и се обезбедува финансиска поддршка во работењето.



## Мотивационо писмо

Секогаш кога аплицирате за одредена работа, покрај тоа што ќе го пратите Вашето ЦВ, испратете мотивационо писмо заедно со него. Иако во огласот за работното место не е наведено дека покрај Вашето ЦВ се бара и мотивационо писмо, од Вас се очекува да испратите такво. Повеќето апликанти кои се пријавуваат за одредена работна позиција, често ја потценуваат улогата на мотивационото писмо. Самото писмо често одлучува дали ќе ја добиете работната позиција или ќе пропуштите уште една одлична можност за вработување. Со мотивационото писмо, Вие всушност се претставувате накратко пред работодавачот, кој понатаму ќе има појасна слика за Вас и колку би се вклопиле во новата средина.

### Што треба да содржи едно мотивационо писмо?

Покрај основните податоци кои треба да ги содржи едно мотивационо писмо, како име, адреса, телефонски број на апликантот и работодавачот, тоа треба да ја има следнава содржина:

**1}** Обидете се да му го привлечете вниманието на оној што ќе го чита Вашето писмо уште на самиот почеток. Запамтете дека првиот впечаток е секогаш најважен. Наведете ја причината за која го пишувате писмото, која е позицијата за која аплицирате и каде сте го сретнале огласот. Покажете умерена доза на возбуденост и ентузијазам за потенцијалното вработување. Исто така, Вашата заинтересираност би дошла до израз доколку знаете нешто повеќе за компанијата и тоа го покажете уште на самиот почеток. Затоа истражете малку повеќе за компанијата во која аплицирате!

**2}** Вториот дел е наменет за презентација на вашите способности, квалификации и претходно работно искуство. Не ја наведувајте целата работна историја и сите способности - затоа служи Вашето ЦВ. Изберете најмногу три Ваши способности, релевантни за работната позиција за која аплицирате и скорешно работно искуство. Сето тоа пробајте да го поврзете со работната позиција за која сте заинтересирани и наведете како тие вештини и достигнувања би помогнале при вршењето на работните обврски.

**3}** Во овој дел, пробајте да се идентификувате со организацијата за која што сте заинтересирани. Работодавачот би ценел доколку кандидатот кој уште пред да биде вработен, чувствува некаква поврзаност со самата компанија и разбира како истата функционира. Објаснете како Вие би придонеле за компанијата, но не заборавајте да споменете и што Вие би придонеле.

**4}** Завршниот дел треба да биде составен од неколку реченици. Искрено заблагодарете му се на тој што ќе го чита Вашето писмо за неговото време и разбирање и потврдете дека ќе очекувате да бидете контактирани и дека со задоволство би одговориле на сите прашања.

ДОБРА РАБОТА.мк
ВЕБ ПОРТАЛ ЗА ПОЛЕСНО ВРАБОТУВАЊЕ

Барате работа?
БАРАТЕЛИ НА РАБОТА
» Објавете биографија [CV]
» Генератор на биографија [CV]
» Добијте бесплатен профил
» Снимајте ги огласите
» Бесплатен информатор
» Активирајте автоматски информатор за слободни работни места

Нудите работа?
РАБОТОДАВАЧИ
» Објавете оглас
» Пребарувајте ја базата на биографии [CV]
» Бесплатен информатор
» Испратете повик до одреден кандидат

www.dobrarabota.mk



# ИНТЕРВЈУ ЗА РАБОТА НА **АНГЛИСКИ ЈАЗИК**

Многу често интервјуата за работа се спроведуваат на англиски јазик, бидејќи работодавците сакаат да го проверат користењето на јазикот во секојдневниот говор. Порано беше доволно да доставите фотокопија од дипломата или сертификатот за завршен степен по англиски јазик, или пак да го поминете тестот за англиски јазик во писмена форма. Денес се бараат резултати, а тоа значи не е доволна дипломата или пасивното познавање на англискиот јазик, граматиката, туку практичната примена. Влегувате на интервју и сите се претставуваат на македонски јазик. Како кандидат во тој момент ви олеснува и си велите „добро е, на македонски јазик ќе биде интервјуто.„ И тогаш член на комисијата ви вели „добро, сега може да го започнеме формалното интервјуто кое ќе се одвива на англиски јазик .“ Да, токму тоа е моментот за кој треба да бидете одлично подготвени.

**За да бидете одлични на вашето интервју на англиски јазик, започнете да го користите јазикот.**

**Англискиот јазик денес е задолжителен за постигнување успех.** Тоа значи се бара одличен вокабулар, комплетно користење на стручната терминологија и разбирање. Ова е еден критериум врз основа на кој се излегува од процесот на селекција и регрутација, едноставно **„мора„** да се познава англиски јазик.

**Комуницирајте на англиски јазик колку што можете повеќе.** Имате блиски пријатели со кои може да вежбате, ако не, тогаш читајте на интернет. Слушајте го јазикот и обидете се да размислувате на англиски јазик. Јазикот најдобро се учи при комуникација во средина на мајчин јазик, ако имате можност поминете 2 до 3 недели на јазичен престој во странство.

# Работи што го прават човек **привлечен, успешен и среќен**

Сите се стремиме во животот да бидеме успешни, среќни, но и привлечни. Некои работи што ни помагаат да успееме и кои се составни делови се:




- **ТАЛЕНТОТ**. Тоа значи дека талентот може да нѐ доведе до врвот, но не може да нѐ држи таму.
- **КАРАКТЕРОТ.** Потребен е за да останеме на врвот.
- **ЗНАЕЊЕ.** Секако дека талентот и карактерот не може да бидат доволни ако немаме соодветно знаење.
- **ПОДГОТОВКА.** Треба да бидеме подготвени за да може да дејствуваме кога ќе се појави можност за тоа.
- **СЛОБОДА.** Мора да имаме внатрешен мир за да ги препознаеме сопствените можности и да може да дејствуваме.

Кога талентот ќе се поврзе со силен карактер, соодветно знаење и искуство, тогаш постои можност што може да се искористи. Во овој случај среќата, успехот и богатството се логичен редослед.

Единствено отворено прашање би било како да се остане среќен, успешен и богат, ако недостига некоја од наведените работи? Во еден момент во кариерата сигурно ќе се најдете пред ова прашање, а ќе може да увидите дека ви недостигаат барем два од сите пет работи. Ова ќе ве доведе до потреба да ги развиете квалитетите. Да работите на себе. Тука доаѓаме до проактивноста. Самите да увидиме што ни недостига, да не чекаме некој да ни каже.
Еден ден ќе ги имате сите способности и ќе развиете потенцијали за кои нема да бидете свесни ако не почнете да трагате во себе.
Вилијам Шекспир има напишано три реченици што го прават човек успешен:

1. Знај повеќе од другите.
2. Работи повеќе од другите.
3. Очекувај помалку од другите.



## E-LEARNING

На глобално ниво за намалување на трошоци се применува сѐ повеќе електронското учење. Тоа има многу предности кои треба да се искористат. Прво и основно дава **флексибилност** при обуките и не мора да се зголемуваат трошоците. Голем број од македонските компании немаат доволен број на вработени за да се организира обука само за нивните вработени, од друга страна е прескапо во групата да има 2 или 3 учесници. Затоа секој индивидуално може да учи и да се надградува.

**Денес особено е важно да се гледа на сите трошоци со големо внимание. Рационалните активности се во рамките на границите, но да не се запоставува потребниот раст и развој на вработените. Е-учењето овозможува заштеда на трошоци, а квалитетот при тоа останува ист со обуките на кои присуствуваат вработените.**

Има разни видови на електронско учење и во принцип учењето кое се заснова на компјутер (Computer-based-self-learning-CBT) најмногу се применува во моментов во Македонија. Обуките се креирани со дизајнери кои подучуваат и може обуката да се следи во секое време, на секое место, не е врзана за интернет и за предавач од другата страна. Не зависи ниту од бројот на учесници или нивното слободно време да дојдат на обука. Друг вид на електронско учење е софтвер кој има обучувач. Тој ја води обуката и е пособветен за во исто време да земат учество на пример вработени од повеќе канцеларии, филијали или седишта во различни градови и држави. Сите учесници во ист временски период се присутни пред својот компјутер и учествуваат активно со електронска табла, микрофон, видео камера и друга опрема.
Дел од предностите на електронското учење се:

- Заштеда на трошоците за патување до местото на настанот.
- Заштеда на трошоци за просторија за обука.
- Трошоци за планирање на обуките и организација.
- Инвестицијата во софтвер за електронско учење претставува еднократна инвестиција.
- Заштита на животната средина
- Следење на напредокот на учесниците
- Постатување на дискусиони форуми
- Тестови за знаење



# ПРОФЕСИЈА ОД СОНИШТАТА

Многу вработени имаат направено погрешен избор на професијата и еден ден во животот се соочуваат со овој факт. Постојат можности да се препознае професијата од соништата и во животот да се оствари сонот. За ова е потребно лично познавање, храброст и волја нешто да се промени.

> **Дури и најдолгиот пат, мора да се започне со еден единствен чекор. – Лао Це**

Во основа, талентот би требало да влијае врз изборот на професија. Преку ноќ не се доаѓа до работа од соништата. Вообичаено потребни се голем број чекори кои водат кон нашата работа од соништата. Многу луѓе чекаат некој внатрешен глас да им каже која професија е најсоодветна за нив. Повеќето никогаш нема да го слушнат тој глас! Тоа се случува бидејќи не знаат како да ја пронајдат професијата што најмногу им одговара и прават така како што ќе им кажат нивните родители, пријатели, роднини или, пак, ќе им препорача некоја агенција. Во овој случај тргнуваат од погрешната насока. Се прашуваат: која професија моментно најмногу се бара? Каде најдобро плаќаат? Што ми велат најблиските? И слично. Тука се заборава прашањето за сопствените интереси и способности – талентот. Ако сите појдеме од тука, сите ќе се стремиме да станеме исто. Со тоа конкуренцијата е огромна.

Не дозволувајте медиумите да влијаат на вас и да ве спречат да ја следите својата цел. Тие најавуваат различни работи, најчесто негативни во однос на ситуацијата на пазарот на труд. Но, дали и вие припаѓате на групата што лесно се откажува? Размислете, колку повеќе се откажуваат поради негативните прогнози пласирани од страна на медиумите, вашите шанси за да ја работите професијата од соништата се поголеми.

И така денес се повеќе образованите институции се фокусираат на градење на вештините, а не на конкретно решавање проблеми. Секоја професија што ќе ја одберете сега, за неколку години може да биде сосема поинаква. Професии што не постоеја пред неколку години денес се најбарани. Затоа, фокусирајте се да ги откриете вашите способности, да видите каде е интересот, што ве мотивира, која професија ви одговара вам како личност. Потоа изборот е полесен.

> **Преку ноќ не се доаѓа до работа од соништата. За да се стигне до неа потребно е лично познавање, храброст и волја да се промени нешто.**

Денес се бара од образованието да ве направи вешти во соочувањето и обработката на масивна количина информации, да размислувате и комуницирате глобално и да бидете способни самостојно да го организирате учењето. Главното што не треба да го заборавате е дека мора да бидете подготвени да решавате проблеми што денес не постојат, но во иднина ќе се соочите со нив. Како што има кажано Алберт Ајнштајн „не може да решаваме проблеми со користење на истиот начин на размислување што сме го користеле при создавање на проблемот". Значи, иновативност!

## Зошто Ви е потребно практикантско искуство?

Вашиот влез во модерниот бизнис свет ќе наиде на голем број на пречки, доколку не поседувате претходно работно искуство. Практикантската работа Ви нуди можност теоретското познавање да го примените во реалното работно окружување. Исто така, добивате шанса да ги истражите различните индустрии и работни позиции, како и да се тестирате самите себеси како би се вклопиле во едно ново, непознато за Вас окружување.

Студентите кои поседуваат практикантско искуство, имаат огромна конкурентска предност пред своите врсници кои штотуку зачекоруваат во бизнис светот. Тие веќе поседуваат работна навика и одредено искуство, кое на компанијата би и заштедило многу време и средства за тренинг и обука.

Повеќето студенти практичната работа ја извршуваат во текот на своите студии. Но денес се почесто студентите кои веќе се стекнале со диплома од студиите, а не поседуваат работно искуство, се одлучуваат да започнат најпрво со практикантска работа, со надеж дека во иднина тоа ќе се претвори во постојано работно место. Иако понекогаш организацијата не ги задржува практикантите по истекот на нивните договори, тие не треба да се чувствуваат како губитници.

Придобивки кои ги има еден студент од практикантско работење:

- Проверка на потенцијалните работодавци;
- Можност да се испробаат во различни индустрии, сектори и работни позиции, со цел да го осознаат правецот на развој на својата кариера;
- Запознавање со голем број на луѓе и градење на нова мрежа на контакти;
- Надоградување на своите вештини;
- Работно искуство и препораки;
- Парични средства кои ќе ги добиваат во замена за своите услуги

Придобивки кои компанијата ги има од практикантското работење:

- Запознавање со профилот и квалитетите на потенцијалните вработени;
- Рано откривање на талентирани индивидуалци и нивно задржување;
- Создавање на архива на практиканти, кои во иднина би можеле да бидат вработени доколку се отвори ново работно место;
- Користење на услугите на практикантите за вршење на редовни работни задачи, што значи и заштеда на парични средства;
- Нови идеи и енергија, како и различен поглед кон работите;
- Подобар углед на организацијата



## СЛОБОДНИ РАБОТНИ МЕСТА

Повеќе на dobrarabota.mk

МЕСТО ЗА ВАШИОТ ОГЛАС!
Контакт: dobrarabota.mk@gmail.com

| ОПШТИ РАБОТНИЦИ | ПРОДАЖБА-ПРЕЗЕНТАЦИЈА | ТЕРМОИЗОЛАТЕРИ | ПРОДАВАЧ - ДИСТРИБУТЕР | ШИВАЧКИ И ПЕГЛАЧКА |
|---|---|---|---|---|
| Еко-Раст Скопје бара општи работници на неодредено време. | 7 комуникативни девојки за работа во продажба-презентација со полно раб.време. Не е потребно работно искуство. Заработка 300-400 евра. | Фирма бара 15 термоизолатери | Фирма за трговија бара еден продавач - дистрибутер. Потребни квалификации: ССС, возачка дозвола Б категорија, возраст до 40г. | Конфекција бара 10 шивачки и пеглачка со работно искуство. |
| 071 266 417 | 076 682 648 | 077 667 022; 077 885 975; 075 875 308 | 02/ 2551 495, 070 323 761 | 02/ 2043 148 |

| КОНОБАРИ | КОМЕРЦИЈАЛИСТИ | СОРАБОТНИЦИ | РАБОТНИЧКИ | КОМЕРЦИЈАЛИСТИ | ПРОДАВАЧКИ |
|---|---|---|---|---|---|
| Ноќен клуб Мамас има потреба од конобари. | Печатница Мисирков има потреба од комерцијалисти со работно искуство. | SCOTT & FETZER има потреба од 15 соработници со и без возило,возраст 18-45 г. Стартна плата+бонус, за Скопје. Јавување од 9-16 ч. | Слаткарница има потреба од работнички за производство | Време и Шпиц има потреба од комерцијалисти со работно искуство | ЕМИ МЕДИА, Скопје има потреба од 2-две продавачки. Потребно е работно искуство. |
| 3130 357; 072 718 340 | info@pecatnicamisirkov.com.mk | 24 60 790; 070 387 723 | 078 30 25 23 од 08-14ч | marketing@vreme.com.mk | dean@emimedia.mk и lence@emimedia.mk |

Уредува тимот на редакција Global HR www.csglobal.com.mk | Дизајн и подготовка: www.koma.com.mk